Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр 09-265/3
05.08. 2019 год.
ГРАДСКО

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Програмата за развој на Обинетите нации (УНДП) и општината Градско. Оперативниот план за активни програма и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско-корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ на ден 05.08.2019 година се објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**до**

**Евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско-корисна работа**

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект „Креирање можности за работа за сите – IV" за работно ангажирање со скратено време за периодот од 06(шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на трудот да се пријават во Агенцијата за вработување-Центарот за вработување Велес.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата ,,Општинско корисна работа,, ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет ) работни часови неделно при што за време на работниот ангажман од 6 (шест)месеци статусот на невработени лица останува непроменет,а невработените лица-корисници на социјална помош за време траење на работниот ангажман ќе им биде активно право на користење на социјално помош.

Правото на учество во Програмата ,,Општинско-корисна работа,,имаат сите невработени лица,при што придонес ќе имаат лицата кои прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува парична надомест во висина 9.000,00 денари месечно, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните навработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следниве целни групи навработени лица.

-долгорочно невработени лица (над 12 месеци евиденција)

-млади лица до 29 години

-лица постари од 50 години

-самохрани родители

-лица со незавршено средно или пониско образование

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуват на ангажирање на

- Помош на стари лица

- Помош на лица со посебни потреби

Заинтересираните невработени лица, Пријави за учество во Програмата ,,Општинско корисна работа,, можат да поднесат во Агенцијата за вработување-Центар за вработување –Велес во периодот од 05.08.2019 година до 16.08.2019 година од 09:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови,права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општината Градско и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско –корисна работа" можат да добијат во општината Градско кај лицето Лилјана Љуткова, Општински координатор за Програмата Општинско-корисна работа, Агенцијата за вработување Велес кај лицето Рахилка Здравков и во Центарот за социјална работа кај лицето Благој Костов.